РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЦО ШОПОВ
Бр. 03-563/1
19.09 2025 год.
Бутел, Скопје

Врз основа на член 20 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година, донесен од МОН, ООУ „Ацо Шопов“ - Бутел, Скопје, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## За прибирање понуди

ООУ „Ацо Шопов“ - Бутел, Скопје, ул. Радишанска бр.68А, тел. 2673 178, организира екскурзии, излети и други вонnаставни активности за учениците во учебната 2025/26 согласно Програмите за наведените активности и тоа:

- еднодневен есенски излет за учениците од I до IX одделение;
- еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одделение;
- еднодневна научна екскурзија за учениците во III одделение;
- дводневна научна екскурзија за учениците од VI одделение;
- тродневна научна екскурзија за учениците од IX одделение;
- тродневна настава во природа за учениците од V одделение;

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се:

- да е регистриран во согласност со позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност, (Документ од Централен регистар за регистрирана дејност, Лиценца за вршење на туристичка дејност),
- да е регистриран најмалку три години пред изведување на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта, (Тековна состојба од Централен регистар)
- да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во Република Северна Македонија, (за што приложува писмен документ),
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца, во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта е најниска цена.

На денот на потпишување на договорот, избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности во висина од 5% од вредноста на договорот.

Се поканувaат заинтересираните понудувачи да достават понуди според документацијата што може да се подигне во училиштето секој работен ден од 10,00 до 13,00 часот.

Сите заинтересирани понудувачи да достават понуда во оригинален примерок, потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот со пропратна документација, во затворен плик со назнака НЕ ОТВАРАЈ во горниот десен агол, до Комисијата за спроведување постапка за екскурзии на адреса на училиштето или во архивата.

Понудите кои не ги исполнуваат минималните услови ќе бидат одбиени од страна на Комисијата како неприфатливи.

Краен рок за доставување на понудите е 29.09.2025 година, во 12.00 часот.

Понудите кои ќе пристигнат подоцна од наведениот термин нема да се разгледуваат.

Јавното отворање ќе се одржи на 29.09.2025 година, во 12.00 часот, во ООУ Ацо Шопов, Бутел, Скопје.

**Комисија за спроведување на постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2025/2026 година**

CS CamScanner